**Известување за концентрација со која Акционерско осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје, Република Северна Македонија ќе стекне заедничка котрола над Брокерска куќа ИНОВО БРОКЕР АД Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08- 137 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 30.09.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на заедничка контролка од страна на Акционерско осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје, со седиште на бул.Кочо Рацин бр.3 влез 2 кат 2 Скопје – Центар, Република Северна Македонија над Брокерска куќа ИНОВО БРОКЕР АД Скопје, со седиште на бул.Теодисиј Гологанов бр.60-1 кат 2 Скопје – Центар, Република Северна Македонија, по пат на купопродажба на акции.

-**Акционерското осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје** е дел од групацијата за финансиско советување WVP Group од Грац, Република Австрија. ВФП групацијата е пионер во полето на напредни финансиски услуги, застапена на просторот на Централна и Југоисточна Европа. Групацијата е основана во 1985 година, во Грац, Република Австрија. Приоритетната дејност на ВФП Групацијата е посредување и продажба на осигурителни и финансиски продукти во 15 земји во Централна и Југоисточна Европа повеќе од 30 години. Групацијата, освен во Р.Австрија е присутна преку правни лица и во Р.Босна и Херцеговина, Р.Бугарија, Р.Хрватска, Р.Украина, Р.Молдавија, Р.Србија. Р.Црна Гора, Р.Албанија, како и Р.Северна Македонија.

-Акционерското осигурително брокерско друштво ВФП АД Скопје е едно од правните лица кои се дел од ВФП Групацијата. Основано е во Република Северна Македонија на 16.05.2005 година и во согласност со законските прописи поседува дозвола за вршење на дејност од Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија. Најголем акционер на компанијата ВФП АД Скопје е WVP-Versicherungs-Vermittlungs - Ges.m.b.H, Р. Австрија, која поседува 77,85% од акциите на ВФП АД Скопје. Главната дејност на компанијата е поврзана со дејности за застапници во осигурување и осигурителни посредници на пазарот на Република Северна Македонија.

-**Брокерската куќа ИНОВО БРОКЕР АД Скопје** е член на Македонска Берза АД Скопје и на Централниот Депозитар за хартии од вредност АД Скопје. Основана е на 24.10.2005 година и е овластена за тргување со хартии од вредност на Македонската берза. Приоритетната дејност на ИНОВО БРОКЕР се дејности на посредување во работењето со хартии од вредност и стокови договори. ИНОВО БРОКЕР врши работи на купување и продавање на хартии од вредност по налог и за сметка на клиентите, дејствува како покровител при котации, се занимава со инвестиционо советување, како и прием и пренос на налози за купување и продавање хартии од вредност на странски пазари на хартии од вредност.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

01.10.2024 година

Скопје